РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

Бр./ Nr./ No. 01-318/1 Скопје,Shkup,Skopje 20.08 2025 година/viti/year

# ПРОГРАМА
## за работа на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер за 2026 година

**Скопје, Август.2025 година**

Бул. „Гоце Делчев" бр 18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Delçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel / phone +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

## 1.ВОВЕД

Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер е самостоен и независен државен орган кој донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ“ бр.101/2019) – (во натамошниот текст „Агенцијата“), со цел заштита и промовирање на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, право кое е гарантирано со Уставот на Република Северна Македонија.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер го уредува правото на пристап до информации од јавен карактер и има за цел да им овозможи на сите домашни и странски физички и правни лица пристап до информации со кои располагаат имателите на информации.

Пристапот до информации од јавен карактер обезбедува јавност и отвореност во работењето на институциите на централно и локално ниво, овозможувајќи им на физичките и правните лица кои бараат такви информации да го остварат своето уставно загарантирано право од член 16 од Уставот на РСМ.

Преку овозможувањето пристап до информации од јавен карактер се поттикнува развојот на транспарентна држава во која органите на јавната власт им даваат информации на заинтересираните физички и правни лица од земјата и од странство по поднесено барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и со редовно објавување на информациите за нивното работење, за трошењето на јавните средства и донесувањето на одлуките, како прашања од јавен интерес.

Имателите на информации се должни да ги објавуваат информациите од јавен карактер (проактивна обврска) како и веднаш да одговараат на примените барања за информации од јавен карактер (реактивна обврска).

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, кој го гарантира основното човеково право на давање и на примање информации е дел од европската легислатива која го имплементира ова човеково право, односно спаѓа во редот на антикоруптивните закони и претставува превентивна алатка за борба против корупција, кој од една страна ја зајакнува отвореноста на работењето, а од друга страна го стеснува просторот за злоупотреба на органите на јавната власт, потикнувајќи ја да работи законски и правилно при постапувањето согласно своите надлежности.

Правната заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, ја обезбедува Агенцијата. Исто така и со донесување на Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи, на 13 август 2024, (т.н. Тромсо Конвенција), дополнително се зајакнува правото на слободен пристап бидејќи Конвенцијата всушност е првиот обврзувачки меѓународен правен инструмент кој го признава правото на пристап до официјалните документи што ги поседуваат јавните органи на секое правно и физичко лице, без дискриминација и без оглед на статусот или мотивите на барателот при неговото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Суштината на донесувањето на Програмата за работа е да се воспостават јасни цели, да се определат мерки и активности, како и да се распоредат задолженијата, да се дефинираат показатели за успешност од што ќе се дефинира и ќе се даде целна насока на работа на Агенцијата.

Годишната програма за работа на Агенцијата ги содржи целите и активностите кои ќе се спроведуваат во текот на 2026 година, а се однесуваат на:

1. **Предметно работење**
2. **Следење на легислативата од аспект на слободниот пристап до информации од јавен карактер**
3. **Обуки за имателите и барателите на информации**
4. **Нормативна и аналитичка дејност**
5. **Меѓународна соработка**
6. **Проектни активности**
7. **Соработка со граѓанскиот сектор**

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P 561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

8. **Односи со јавност**
9. **Развој и управување со човечки ресурси**
10. **Завршна одредба**

## 1. Предметно работење

Заради остварувањето на правото до слободниот пристап до информациите од јавен карактер на физичките и правните лица (баратели на информации), Агенцијата и во текот на 2026 година ќе продолжи со следните активности:

а) Одлучување по жалби на барателите на информации поднесени против:

-Решенијата со кои имателите на информации го одбиле Барањето за пристап до информации од јавен карактер, во целост или делумно;

- Решенијата со кои имателите на информации го отфрлиле Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, и

- Решенијата со кои имателите на информации ја запреле или прекинале постапката по барањата;

б) Постапување по претставки на барателите на информации во врска со слободниот пристап;

в) Едукација на службените лица кај имателите на информации како на централно, така и на локално ниво;

г) Реализирање на службени посети;

д) Соработување со имателите и барателите на информации од јавен карактер, со цел остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер;

ѓ) Континуирано ажурирање на податоците на имателите на информации на веб страницата на Агенцијата. Покрај внесувањето на тековните измени, ќе работи на евидентирање, обработување и поднесување на предлози до раководството на Агенцијата за бришење или додавање на постојни иматели на информации, згаснување или формирање на нови субјекти на листата на иматели, промена на дејност и слично;

е) Усогласување на содржините на веб страницата на Агенцијата со потребите кои произлегуваат од тековното работење.

ж) Освен редовното, сеопфатно и навремено информирање на јавноста преку порталите за баратели и иматели на информации, во функција на поголемо афирмирање на дејноста Агенцијата, ќе се стреми кон подигнување на јавната свест за слободниот пристап до информациите од јавен карактер преку поголема медиумска застапеност и организирање на информативни сесии за имателите и барателите на информации од јавен карекter.

з) Подготвување на Годишен извештај за својата работа и негово доставување до Собранието на Република Северна Македонија;

ѕ) Соработување со национални и меѓународни организации и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;

и) Мониторирање на веб страните на имателите на информации и објавување/доставување на извештаи од мониторингот во насока на поттикнување на проактивната транспарентност;

ј) Други работи кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**Носител:** Директор / Зам. директор на Агенцијата
**Извршители:** Секторот за управно – правни и општи работи и Секторот за соработка, транспарентност и едукација,
**Рок:** Континуирано во текот на целата година

## 2. Следење на легислативата од аспект на слободниот пристап до информации од јавен карактер

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd "Goce Delcev" no 18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

Агенцијата во текот на годината континуирано ќе ја следи примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, при што работниот процес ќе се дефинира во неколку фази и тоа:

- Следење и имплементација на европската легислатива во областа на пристапот до информации од јавен карактер
- Подготовка и планирање
- Собирање и анализа на примарни и секундарни податоци за тековните и идни активности од сите чинители кои влијаат во работењето на Агенцијата
- Обезбедување обуки за континуирана едукација на вработените во Агенцијата
- Дискусии и работилници со вработените во Агенцијата
- Изготвување на нов Стратешки план 2026-2030.

**Носител:** Директор / Зам. директор на Агенцијата
**Извршители:** Секторот за управно – правни и општи работи и Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

### 3. Обуки за имателите и барателите на информации

Агенцијата во текот на 2026 година ќе продолжи со едукација на имателите на информации од јавен карактер согласно динамиката утврдена во Годишната програма за обука на службените лица кај имателите на информации на централно и на локално ниво.

Со обуките во прв план ќе бидат опфатени новоназначени службени лица кај имателите на информации кои не присуствувале на обуки и службени лица кои посетувале обуки, но пројавиле интерес повторно да присуствуваат.

Согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023 – 2030, поконкретно согласно акцискиот план на СРЈА 2023-2026, Агенцијата има план да спроведува обуки и информативно-едукативни сесии за подигнување на свеста во институциите за важноста на пристапот до информации од јавен карактер за институциите на локално и централно ниво и подигнување на е-услугите преку користење на е-порталите на Агенцијата

Агенцијата планира да одржи информативни и едукативни работни состаноци со одговорните лица кај имателите на информации на централно, регионално и локално ниво,согласно Стратегијата за транспарентност 2023-2026. Согласно Стратегијата, Агенцијата во соработка со Владата на Република Северна Македонија ќе ја зајакне соработката за подигање на нивото на транспарентност на имателите на информации, како и промоција на правото на пристап до информации од јавен карактер и активната транспарентност меѓу граѓаните.

Исто така, Агенцијата во зависност од нејзините финансиски можности, како и преку соработка со надворешни партнери планира едукација на граѓани, како и останати целни групи како медиуми, студенти, средношколци, бизнис секторот и други, преку различни методи и форми на анимација, видео содржини, преку одржување на обуки, доставување на печатени брошури, прирачници и слично.

Агенцијата ќе ја продолжи и соработката со високообразовните институции која е воспоставена на подрачјето на заштитата на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. Соработката ќе се одвива преку потпишување на меморандуми за соработка, и во тие рамки одржување на обуки на студенти на универзитети и факултети со цел подигнување на јавната свест и степенот на запознаеност на студентите со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Реализацијата на погоре наведените планирани активности ќе биде извршена во рамките на буџетот на Агенцијата и со помош од надворешни партнери. Со оглед на тоа што ова претставува една од основните надлежности на Агенцијата, а во интерес на

остварување на целта на Законот приоритетно осврнувајќи се на антикоруптивните мерки таа ќе бара дополнување на своите буџетски средства за извршување на планираните активности.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители**: Сектор за соработка, транспарентност и едукација и Одделение за управни постапки
**Рок:** Континуирано во текот на годината

## 4.Нормативна и аналитичка дејност

### 4.1. Подготвување Годишен извештај за работата на Агенцијата за 2026 година.

Во Извештајот ќе бидат пласирани следните параметри:

- Надлежности на Агенцијата;
- Одлучување по Жалби (жалбена постапка, решени предмети и нивна структура, жалби по днесени против имателите на информации, карактер на поднесените жалби, состојба на предметите по тужби);
- Спроведувања на искуства од примената на Законот;
- Листа на иматели на информации;
- Содржина на Годишните извештаи на имателите;
- Соработка со службените лица кај имателите;
- Јавност во работењето на Агенцијата;
- ВЕБ страница на Агенцијата;
- Национална и меѓународна соработка и проекти;
- Буџет на Агенцијата;
- Прекршочна поастапка.

**Носител:** Директотот/Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители:** Секторот за управно – правни и општи работи и Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** 31 март, 2026 година

Исто така, Агенцијата ќе дава мислења и предлози по закони и други прописи изготвени од други органи на државната управа, доколку во истите се уредува слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Агенцијата и во 2026 година ќе продолжи да ја имплементира проактивната транспарентност, односно ќе изврши мониторинг на Органите на државната управа, а оваа обврска Агенцијата ја има и согласно Стратегијата за реформа на јавната администрација. Исто така, мониторинг ќе биде спроведен на Општините и Центрите за развој на плански региони и на судската власт. Мониторингот е фокусиран на проверка на категориите на информации што треба редовно и ажурирано да се објавуваат на веб-страниците на имателите на информации од јавен карактер во случајот согласно одредбите од член 10 од Законот за СПИЈК.

Агенцијата, ќе спроведе и анализа за реализирани активности јануари-јуни 2026 година, како и на молкот на управата за периодот јануари-јуни 2026 година.

### 4.2. Едукација на вработените во Агенцијата

- Реализација на соодветна обука на вработените во Агенцијата и
- Агенцијата активно ќе работи на стручно усовршување на вработените во Агенцијата, се со цел прилагодување на вработените кон современите услови на работење.

**Носител:** Агенцијата во соработка со организации и иституции
**Извршители:** Секторот за соработка, транспарентност и едукација  и Одделение за управни постапки
**Рок:** Континуирано во текот на годината

## 5. Меѓународна соработка

Во рамките на меѓународната соработка во 2026 година, Агенцијата ќе продолжи со активностите за размена на искуства со сродни институции и одржување на редовните контакти со соработници и партнери од регионот и пошироко, со цел можна соработка на конкретни проекти, програми и реализација на стратешки цели зацртани во Акцискиот план на Агенцијата.

Реализација на студиски посети на соодветни институции, органи и тела од развиени држави во светот со цел размена на искуства на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Воспоставување и одржување на континуирана комуникација со останати сродни инситуции од земјите членки на Европска Унија ќе биде една од основните работни задачи на Секторот за соработка, транспарентност и едукација и во 2026 година. Исто така, една од основните работни задачи на Секторот ќе биде и зајакнување на соработката на национален план, со постоечките и нови потенцијални соработници. Од воспоставените релации и соработки се очекува реализација на проектни и реализација на останати цели и активности кои ќе овозможат поголема инволвираност и афирмација на Агенцијата на меѓународно поле на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Секторот за соработка, транспарентност и едукација во 2026 година, ќе презема активности на полето на слободниот пристап до инфромациите преку континуирана соработка со национални невладини организации и меѓународни институции, како и организации за обезбедување на финансиска поддршка за реализација на проекти и проектни активности за подигнување на примена на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители**:
Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

## 6. Проектни активности

### 6.1. Проектни активности со национални и меѓународни соработници и партнери

Агенцијата ќе ја продолжи соработката со постоечките национални и меѓународни соработници и партнери, како и со нови потенцијални соработници се со цел реализација на проекти и проектни активности.

Проектните активности Агенција планира да ги реализира во соработка со надворешни партнери кои со своето експертско учество ќе придонесат да се реализираат планираните проекти.

Воедно, Агенцијата, во текот на 2026 година, ќе оствари соработка со Советот на Европа, а во очекување е да се остварат соработки и со UNDP, UNWOMAN, USAID, Центар за управување со промени, Институт за демократија Социетас цивилис и други.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители**: Секторот за соработка, транспарентност

и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

**6.2. TWINNING LIGHT**

Агенцијата ќе ги продолжи отпочнатите активности преку Инструментот TWINNING LIGHT на Европската Комисија, на проектот под наслов „Поддршка на слободниот пристап до информации. Се креваме заедно." ("Supporting the free access to information. We rise together.") заедно со Германска фондација за меѓународна правна соработка (IRZ), Сојузна Република Германија (German Foundation for International Legal Cooperation (IRZ), Federal Republic of Germany), и Сојузен Комесар за заштита на податоци и слобода на информации на Сојузна Република Германија (Federal Commissioner for Data Protection and Freedom of Information, Federal Republic of Germany), со кој се овозможува на земјите апликанти за членство во Европската Унија да се здобијат со искуства од земјите членки на Европската Унија.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители**: Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

**6.3. Продолжување на востановената соработка преку учество на традиционалната регионална средба на седум второстепени органи и институции од областа на заштитата на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер "INITIATIVE 2020"**

Во текот на 2026 година Агенцијата ќе продолжи да соработува и активно ќе учествува на традиционалната регионална средба на седум второстепени органи и институции од областа на заштитата на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер **"INITIATIVE 2020"** пришто се разменуваат искуства и практики од делокругот на нивното работење, а со цел унапредување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**6.4. Продолжување на соработката со сродните органи и институции од земјите во светот, преку учество на традиционалната меѓународна годишна конференција на Комисионери за информации – МККИ (ICIC)**

Агенцијата, како членка на Меѓународната Конференција на Комисионери за информации - МККИ (ICIC) во 2026 година, планира да учествува на меѓународната годишна конференција на Комисионери за информации, како и работилниците кои се одржуваат во рамките на земјите членки од Европскиот континент.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршители**: Одделение за меѓународна соработка
**Рок:** Месец јуни и октомври 2026 година

**7. Соработка со граѓанскиот сектор**

Агенцијата континуирано ќе ја продолжи соработката со невладиниот сектор со цел јакнење на свеста кај граѓаните за значењето на ова основно човеково право како и на имплементацијата на прописите од оваа област.

Соработката со имателите на информации и граѓанскиот сектор ќе придонесат кон подобра имплементација на Законот, транспарентност, отвореност и отчетност на институциите за нивното работење, градење на меѓусебна доверба и развивање на квалитетот на демократијата. Агенцијата активно ќе соработува со претставниците на граѓанските организации. Агенцијата има воспоставена соработка со повеќе граѓански организации, со кои се очекуваат повеќе активности во текот на 2026 година. Исто така, Агенцијата очекува да продолжи соработката со граѓанските организации во рамките на иницијативата за Отворено владино партнерство, преку заеднички активности кои ќе бидат дел од Акцискиот план 2024-2026 година.

Со овие активности се очекува да се зголеми бројот на граѓаните кои ќе го остваруваат правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и бројот на институции кои го спроведуваат Законот, како и за подигнување на проактивната транспарентност на имателите на информации.

Добрата практика на соработка помеѓу Агенцијата, имателите на информации од јавен карактер и граѓанскиот сектор е клучна за доброто владеење и претставува важен фактор за транспарентно работење и имплементирање на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Носител:** Агенцијата во соработка со други институции и граѓанскиот сектор
**Извршител:** Одделение за управни постапки и Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

## 8. Односи со јавност

Со цел натамошно афирмирање на уставно загарантираното право за пристап до информации, јакнење на свеста на службените лица кај имателите на информации и обезбедување на поголема транспарентност и отчетност во работењето, ќе продолжи досегашната пракса на Агенцијата со навремено, редовно и проактивно објавување и ажурирање на информации на веб страницата на Агенцијата.

Пред или по одржувањето на позначајни настани, ќе се доставуваат информации, односно покани за присуство на новинари и медиуми.

Ќе се интензивира и продлабочи севкупната соработка со електронските, печатените и интернет медиумите.

Предвидена е подготовка и печатење на публикација со примери од досегашната пракса на Агенцијата, која ќе содржи карактеристични примери од донесени решенија и заклучоци по жалби на барателите на информации од јавен карактер.

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршител:** Секторот за соработка, транспарентност и едукација
**Рок:** Континуирано во текот на годината

## 9. Развој и управување со човечки ресурси

По успешната реализација на внатрешната организација и систематизација на работните места, човечките ресурси и просторно-техничките услови за работа во претходната година, Агенцијата во 2026 година, ќе продолжи со активности на полето на унапредување на вработените и стимулирање на административните службеници преку обезбедување на обуки, посета на работилници и други методи на стручно доусовршување на вработените во Агенцијата.

Овие активности Агенцијата ќе ги превземе сè со цел за поуспешно и поквалитетно извршување на зададените работи и работни задачи..

**Носител:** Директорот / Зам. директорот на Агенцијата
**Извршител:** Одделение за правни и општи

Бул. „Гоце Делчев" бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

работи
**Рок:** Континуирано во текот на годината

### 10. Завршна одредба

Оваа Програма се објавува на веб страната на Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Директор
Пламенка Бојчева

Бул. „Гоце Делчев" бр 18 Скопје, П Фах 561
Bul. "Goce Dellçev" nr 18 Shkup F.P 561
Blvd "Goce Delcev" no 18 Skopje, PO Box 561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk